Иван Антоновски

# *ДЕЈСТВУВАЧКАТА ЕСТЕТИКА* И *ОБЈЕКТИВНАТА ВИСТИНА* ВО КНИЖЕВНАТА КРИТИКА НА КОСТА СОЛЕВ РАЦИН

## (За некои особености на критичко-есеистичките текстови на Коста Солев Рацин)

**Апстракт**

Споредено со севкупното публицистичко творештво на Коста Солев Рацин, помалку внимание досега е посветено на Рациновата книжевна критика, којашто иако не е обемна, имајќи ги предвид и спецификите на развојот на македонската книжевност, несомнено е дека има исклучително значење во севкупниот македонски книжевен и воопшто културно-историски контекст. Таа го детерминира т.н. Рацинов период во македонската книжевна критика којшто е темелник на современата македонска книжевно-критичка реч, но едновремено сведочи и за поставувањето на темелите на современата книжевна полемика во македонскиот културен простор, којашто задира и во согледувањата и концептите за естетските и поетички книжевни платформи и во вреднувачкиот суд за конкретни книжевни остварувања. Ова осврнување кон Рациновата книжевна критика има за цел да овозможи да се согледаат некои значајни димензии на Рациновата творечка личност остварена и преку книжевната критика и одново да се анализираат некои од ставовите на Рацин за книжевноста, од временска / историска дистанца од којашто може да се согледа и севкупниот македонски и југословенски / јужнословенски книжевен контекст на XX век. Акцентот на трудот е ставен на две фундаментални критичко-теориски категории во Рациновите критичко-есеистички текстови – клучни постулати на неговата критичка реч: *дејствувачка естетика* и *објективна вистина*.

Анализата на контекстуализацијата на овие критичко-теориски категории во критичко-есеистичките текстови на Рацин, остварена преку исчитување на издвоени конкретни примери и преку исчитување на евкупниот критичко-есеистички Рацинов опус со посочување на конкретните текстови, упатува кон заклучна согледба дека станува збор за книжевна критика којашто застапува изградено стојалиште за книжевноста и за димензионирањето на натамошниот развој на македонската и јужнословенската книжевна, но и воопшто културна стварност и како таква, согледано од денешна перспектива, несомнено имала потенцијал да биде зародиш на една осмислена естетска платформа, што заслужува и потемелити проучувања и оцени.

**Клучни зборови:** Коста Солев Рацин, книжевна критика, есеистика, објективна вистина, дејствувачка естетика, вистинска уметност

Ivan Antonovski

# *EFFECTIVE AESTHETICS* AND *OBJECTIVE TRUTH* IN THE LITERARY CRITICISM OF KOSTA SOLEV RACIN

(About some peculiarities of the critical-essay texts of Kosta Solev Racin)

## Abstract

Compared to the overall publicist work of Kosta Solev Racin, less attention has been paid to Racin's literary criticism, which, although it is not extensive, taking into account the specifics of the development of Macedonian literature, there is no doubt that it has an exceptional importance in the overall Macedonian literary and in general cultural and historical context. It determines the so-called Racin's period in Macedonian literary criticism, which is the foundation of the contemporary Macedonian literary-critical work, but at the same time it also bears witness to the laying of the foundations of the contemporary literary controversy in the Macedonian cultural area, which affects both the perceptions and concepts of aesthetic and poetic literary platforms and the evaluative court for specific literary achievements. This reference to Racin's literary criticism aims to make it possible to perceive some significant dimensions of Racin's creative personality realized through literary criticism and to reanalyze some of Racin's views on literature, from a time/historical distance from which it can be perceived and the overall Macedonian and Yugoslav / South Slavic literary context of the 20th century. The emphasis of the paper is placed on two fundamental critical-theoretical categories in Racin's critical-essay texts – key postulates of his critical speech: *effective aesthetics* and *objective truth*.

The analysis of the contextualization of these critical-theoretical categories in Racin's critical-essay texts, achieved by reading specific specific examples and by reading the entire critical-essay Racin's opus by pointing out the specific texts, leads to the conclusion that it is a question of literary criticism which represents a built position for literature and for the dimensioning of the further development of the Macedonian and South Slavic literary, but also cultural reality in general and as such, seen from today's perspective, undoubtedly had the potential to be the birth of a designed aesthetic platform, which deserves more thorough studies and evaluate.

**Keywords:** Kosta Solev Racin, literary criticism, essay writing, objective truth, efective aesthetics, real art

## СОДРЖИНА

1. **Уводни напомени** ........................................................................................5
1.1. Уводни напомени за досегашниот интерес за критичко-есеистичките текстови на Коста Солев Рацин и за нивното значење ..........................................5
1.1.1. Уводни напомени за досегашните согледби на книжевната наука за критичко-есеистичките текстови на Рацин .........................................................6
1.2. Зошто токму *дејствувачката естетика* и *објективната вистина*?............7
1.3. Уводни методолошки напомени.....................................................................8
2. **Потрага по *дејствувачката естетика* и *објективната вистина***.........................................................................9
3. **Заклучок**..........................................................................................13
**Библиографија** .......................................................................................15

## 1. УВОДНИ НАПОМЕНИ

### 1.1. Уводни напомени за досегашниот интерес за критичко-есеистичките текстови на Коста Солев Рацин и за нивното значење

Во критичко-валоризирачкото исчитување и интерпретирање на творечкиот опус на Коста Солев Рацин, македонската книжевна наука, најчесто се осврнува за неговото поетско творештво, притоа незапоставувајќи ги и песните создадени на српскохрватски јазик, коишто ја претставуваат неговата прва творечка фаза, иако во сиот изминат период, доминантно, интересот на научната реч е насочен кон стихозбирката „Бели мугри“, која несомнено е „извонредно крупен настан во културната и политичката историја на македонскиот народ и пошироко“ (Николовска 2019). Во децениите наназад, иако можеби без позабележливо одделно задржување на некои прозни текстови меѓу коишто е и првообјавениот Рацинов прозен текст, расказот-есеј „Резултат“ и со поголема фокусираност на објавените фрагменти од романот „Опиум“ („Афион“), македонската книжевна наука оствари влог во исчитувањето на Рациновиот опус и со осврнувањата за Рациновото прозно творештво. Извесна критичко-валоризирачка и историско-книжевна перцепција доживеа и Рациновата публицистичко-есеистичка дејност. Во тој контекст, во досегашните проучувања е и валоризирачко-интерпретативното апострофирање на студиите за Хегел, како и на студијата „Драговитските богомили“[1] и воопшто на Рационовиот интерес за богомилското движење, засведочен и преку текстовите „Богомилите“[2] и „Селското движење на богомилите во средниот век“[3]. Но, значајно помалку внимание досега е посветено на Рациновата книжевна критика, којашто иако не е обемна од аспект на бројноста на критичко-есеистичките текстови, имајќи ги предвид и спецификите на развојот на македонската книжевност, несомнено е дека има исклучително значење во севкупниот македонски книжевен и воопшто културно-историски контекст. Таа го детерминира т.н. Рацинов период во македонската книжевна критика – од објавувањето на Рациновиот приказ на книгата „Новеле“ на Стеван Галогажа, во 1931 година па сè до почетокот на Народноослободителната борба, со тоа претставувајќи прва фаза на современата македонска критичка реч. Впрочем, не треба да се пренебрегне фактот дека во Рациновиот опус, книжевната критика се појавува речиси во исто време кога и поезијата и прозата, по што е присутна во текот на цела творечка деценија. Оттука, ако се имаат предвид и околностите на македонската книжевност во конкретниот период, особено историско-општествениот контекст во којшто таа егзистира, книжевната критика, независно од нејзиниот обем,

[1] „Драговитските богомили“ е текст напишан околу 1938–1940 кој сè до 1948 година стои во ракопис кога е објавен во редакција на Блаже Конески.
[2] Македонскиот текст „Богомилите“ бил умножен на шапирограф и растурен по појавата на стихозбирката „Бели мугри“, во последниот месец од 1939. и почетокот на 1940 година, а за него соопштува Ѓорѓи Шоптрајанов во списанието „Македонски јазик“ (год. I, бр. 8,.9, год. II, бр. 1, 2, 3).
[3] Текстот за првпат е објавен во „Народна читанка из науке и књижевности“ („Сељачки покрет Богомила у средњем веку“. – Београд: 1939, бр. 7, 20–24), а потоа и во весникот „Наша реч“ (Скопје: 1940, год. II, бр. 16-17).

и не може да се смета за маргинална појава во Рациновиот опус, што дополнително укажува на потребата од продлабочени осврнувања.

Впрочем, публицистичката и критичко-есеистичка актива на Рацин, во историскиот континиум претставува *пресек на македонскиот книжевен интелектуализам*, остварен од личноста за којашто неслучајно Конески ќе рече дека е „највздигнат македонски народен интелектуалец од неговото време, најкултурен наш човек“ (Конески 1987: 99). Рациновиот есеј, како што е нагласено од Весна Мојсова-Чепишевска во едно од немногубројните претходни осврнувања кон овој сегмент од опусот на Рацин, „е вистински репрезент на научниот есеј“ (2021: 165). Оттука, нужно е да се извршат темелни разграничувања меѓу вистинската публицистика и вистинската книжевна критика и есеистика во Рациновиот опус, како што укажа и Миодраг Друговац, „зашто поголемиот дел од тие Рацинови написи ги имаат сите потребни атрибути на една во сè автентична книжевна критика, односно есеистика“ (1987: 42), на што упатува и напомената на Мојсова-Чепишевска за потреба од „сериозно хипертекстуално исчитување“ (2021: 175) на овој сегмент од Рациновата оставнина.

Цел на овој труд е да се оствари влог и во таквото хипертекстуално исчитување на критичко-есеистичките текстови на Коста Солев Рацин, и тоа преку присуството на двете клучни критичко-теориски категории кои се детерминанти на овој сегмент од неговиот опус.

### 1.1.1. Уводни напомени за досегашните согледби на книжевната наука за критичко-есеистичките текстови на Рацин

Рациновите критичко-есеистички текстови, досега не се анализирани надвор од македонската книжевна наука, а на домашниот научен терен, на нив пред сè, најпрво се задржуваат Димитар Митрев и Миодраг Друговац, а потоа и Георги Сталев Поповски, за од понов датум, ваквиот предизвик да го прифати Весна Мојсова-Чепишевска. Во текстот „Рацин во развојот на македонската национална култура“ – беседа искажана на свечениот собир во Македонската академија на науките и уметностите на 13 јуни 1968 година, Митрев[4], се задржува на образложување на констатацијата за значењето на ваквата дејност на Рацин и се задржува само на текстот „За развитокот на една нова наша книжевност“[5]. Потоа, Друговац, по ова прашање се произнесува најпрво со текстот „Појава на македонската критика“ објавен во публикацијата „Македонската литературна наука за Рацин“ (Скопје: Наша книга, 1987), а нешто подоцна и во монографската публикација „Историја на македонската книжевност: XX век“ (Скопје: Мисла, 1990), но само се задржува на препознавање на

[4] При подготовката на овој труд, текстот е консултиран според верзијата објавена во повеќетомното издание *РАЦИН* (Скопје: Наша книга, 1987). Во изданието е напоменато дека е објавена верзијата од 1968 година.

[5] Статијата „Развитак и значај једне нове наше књижевности“ за првпат е објавена во списанието „Radnički tjednik (list za socijalna i ekonomska pitanja)“ (Zagreb: 25 listopad 1940, god. I, br. 23, 5-6). Таа има ракописна верзија која на македонски ја преведе и приопшти Ѓорѓи Милошев во списанието Иднина (Скопје: 1950, год. II, бр.4).

Рациновите текстови како сегмент на книжевната критика и на претходно посочениот текст, којшто го смета за книжевен манифест. Сталев Поповски, во своето осврнување во вториот обид за монографско издание коешто ќе претставува македонска книжевна историја и на овој прв период на македонскиот XX век, во сегментот на книжевната критика на Рацин, сепак и не оди многу чекори понатаму од Друговац, иако е дециден дека Рациновиот есеј е „рамноправен партнер на строгиот научен труд“ (2003: 125). И кај двајцата е присутно дефинирањето на Рацинов период во македонската книжевна критика, при што кај едниот експлицитно, а кај другиот имплицитно се упатува укажувањето од потребата критичко-есеистичките текстови да бидат внимателно исчитани и анализирани, одделно од неговата публицистичка актива, задавајќи предизвик за натамошните истражувачи. Со есеистичкото творештво на Рацин, од понов датум, како што посочивме, се занимава и Весна Мојсова-Чепишевска, но за сегментот на критичко-есеистичките текстови нагласува дека во иднина треба да се направи сериозно исчитување (Мојсова-Чепишевска 2021: 175). Со тоа и дополнително упатува на потребата од поопстојна анализа и вреднување на особеностите на Рациновата книжевна критика.

Цениме дека посветувањето одделно внимание на некои особености на Рациновите критичко-есеистичките текстови е барем мал влог во тие анализа и вреднување кои се неопходни за комплетирање на научно детермираниот, книжевен портрет на Рацин.

### 1.2. Зошто токму *дејствувачката естетика* и *објективната вистина*?

Во суштина, за научната јавност кај нас, покрај сознанието дека критичко-есеистичките текстови се составен дел од опусот на Рацин и ја претставуваат првата фаза на современата македонска книжевна критика, кон кое се изнесени и некои резимирани согледби за нивната книжевно-историска вредност кои придонесуваат за афирмација на фактот дека „освен што поседуваше редок талент за поезија“, Рацин „беше успешен есеист“ (Koteska 2006), поопстојно не се коментирани особеностите на овие текстови, како од структурен, така и од содржински аспект, со исклучок на текстот „За развикот на една нова наша книжевност“. Без детално микроисчитување на овие текстови, сепак, ние немаме јасна претстава за детална аргументација на валоризирачката оцена за оваaa актива на Рацин, но и за нејзиното влијание врз тогашната културна / книжевна стварност, а со тоа тука може да се идентификува „празнината“ во нашите постојни знаења за истражуваната тема, што упатува и кон потреба од проблемско / тематско / фрагментарно исчитување.

Навраќајќи се кон т.н. Рацинов период во македонската книжевна критика и анализирајќи ги особеностите на Рациновите критичко-есеистички текстови, од објавувањето на приказот на книгата „Новеле“ на Стеван Галогажа, во 1931 година па сѐ до последните објавени на почетокот на Народноослободителната борба, според нашиот прочит, како фундаментални се издвојуваат токму овие две критичко-теориски категории – клучни постулати на неговата критичка реч: *дејствувачка естетика* и *објективна вистина*.

Хипертекстуалното исчитување, но и воопшто микроисчитувањето на Рациновите критичко-есеистички текстови низ призмата на овие критичко-теориски категории може да претставува појдовна основа за согледби кои можат да доведат до натамошни продлабочени анализи и да отворат нови прашања, но пред сѐ да резултираат со некои тези и заклучоци кои веќе би биле извесен влог во расветлувањето на овој сегмент од Рациновиот опус. Оттука, со определба да се обидеме да оставиме таков влог, но и да дојдеме до нови прашања и да се насочиме и кон натамошни продлабочени анализи, сметаме дека е потребно да посветиме одделно внимание токму на прочитот на овие текстови на Рацин со акцент токму на овие катерии.

### 1.3. Уводни методолошки напомени

Имајќи ја предвид определбата дека нужно е да се извршат темелни разграничувања меѓу вистинската публицистика и вистинската книжевна критика и есеистика во Рациновиот опус, на ова наше осврнување му претходеше наше првично вакво разграничување, при што покрај формалната определба на Рацин во самиот текст, предвид го имавме и придржувањето до особеностите на есејот како жанр и на книжевно-теориските очекувања од книжевната критика, наспроти оние кои се однеуваат на публицистиката. Поконкретно, во корпусот кој е земен предвид за овој труд опфатени се исклучиво критичко-есеистичките текстови кои според нашите оцени и согледби се дел од Рациновата книжевна критика, а кои се наведени и во користената литература[6].

Во истражувањето на присуството и значењето на *дејствувачката естетика* и *објективната вистина* во Рациновото критичко-есеистичко творештво, доминантно го применувавме методот на анализа со книжевно-теорискиот и книжевно-исоториографскиот инструментариум којшто се однесува на книжевната критика и есеистиката, со цел да се издвојат особеностите на Рациновите критичко-есеистички текстови и да може да се оствари нивна критичка валоризација. Клучно го применивме методот на компарација, којшто е важен за контекстите коишто се опфатени со истражувањето, а во коишто треба да се исчита и вреднува Рациновиот критичарски опус низ призмата на есенцијалните книжевно-теориски категории за него.

Според постојните типологии, оваа истражување е применето (апликативна примена на книжевно-теориска рамка врз текст), но има и теориска компоннта, при што беше остварено како комбинација од квантитативно и квалитативно истражување (имајќи предвид дека едновремено ќе се занимава и со особеностите / квалитетот на Рациновите текстови и со нивното книжевно и културолошко влијание коешто подразбира и квантитативен пристап). Едновремено е и дескриптивно и интердисциплинарно (имајќи предвид дека текстовите на Рацин излегуваат од вообичаената оптика на книжевната историја, опфаќајќи и филозофија, естетика, историја на уметност итн). Заради контекстите во коишто се исчитуваат овие текстови,

[6] При подготовката на трудот користени се преводите на текстовите на маедонски јазик, објавени во повеќетомникот „Рацин“ (Скопје: Наша книга, 1987).

неопходно беше истражувањето да биде и компаративно, но едновремено и евалуациско, затоа што резултира и со одреден критички суд.

Сепак, и должни сме да напоменеме: со овој труд, претендираме пред сè да посочиме на конкретни примери и да издвоиме рефлексии од Рациновите ставови во текстовите, преку кои може да се анализира и коментира оваа проблематика и едновремено да изнесеме дел од досегашните наши истражувачки согледби, во синтетизирана и резимирана форма. Накусо, овој труд резултира со првични согледби кои пред сè адресираат прашања кои упатуваат и на натамошни исчитувања и осврнувања.

## 2. ПОТРАГА ПО *ДЕЈСТВУВАЧКАТА ЕСТЕТИКА* И *ОБЈЕКТИВНАТА ВИСТИНА*

Својствено на неговата марксистичка ориентација, интересот за естетиката во книжевното дело, кај Рацин е *потрага по дејствувачка естетика,* односно по *естетика на акцијата*, којашто инсистира на суштествувањето на книжевното дело во контекстот и на некнижевната стварност (Старделов 1981). Но клучно, независно од таквото поимање, Рациновата критика и публицистика, сепак, првенствено го исчитува книжевниот текст со диоптрија којашто не инсистира таквата естетика да се перципира догматски, што дополнително придонесува Рациновите критички да се вреднуваат и надвор од вообичениот однос кон социјалистичката / левата книжевнокритичка реч и да се воспостави синтеза на *потрагата по дејствувачката естетика* во Рациновите критички судови и перцепции за книжевноста со позициите на Мирослав Крлежа во текот на судирот на книжевната левица во Југославија. Впрочем, Рациновата критика сведочи и за зародишот на современото (понатаму етаблирано и како модернистичко) микрочитање на книжевното дело во нашата книжевна традиција, ама и за изградена лична свест покрај потребата од вреднувачки дјалог со делото (а не дотолку со авторот надвод од делото) да се има предвид и севкупниот книжевен и културен контекст и визија за натамошниот книжевен развиток.

Како илустративен пример би го посочиле критичкиот приказ за полемичката книга „Скидање маске“, објавена во Загреб, во 1931 година, во којшто Рацин потенцира: „Вистина, актуелност на денешнинава не е баш книжевноста, секако. Но значи ли тоа дека и покрај тоа, книжевноста е некоја ’terra incognita’ и дека писателите се така далеку надвор од таа актуелност? Ќе се земе ли предвид дека особено најмладите се тие коишто сакаат да заседнат на изворите на општествените противречности и дека овие, пак, се суштински за понатамошниот развиток на општеството, – тогаш ќе се увиди од каква револуционерна или реакционерна важност е нивната дејност и положба на едно правилно гледиште“ (Рацин 1987 (7): 89-90). Овој исклучително полемичен и аналитички коментар упатен од Рацин со искористување на просторот за критичко осврнување кон делото на Савиќ Марковиќ Штедимлија, илустративно ја претставува Рациновата позиција за дејствувачката естетика, присутна во севкупната Рацинова критика. Се чини дека токму дејствувачката естетика е остварувањето на дејноста и положбата на едно правилно гледиште на

коишто тој отворено упатува. А тоа гледиште го бара внатре, во книжевното дело, а не дотолку надвор од него. И притоа, потрага по дејствувајчата естетика ја остварува со изградена свесност за потребата од книжевно-теориски инструментариум којшто иако не реферира на книжевната теорија онаква каква што денес ја ползуваме, базира на очекувањата од естетиката и поетиката во контекстот како на дотогашниот книжевен развој, така и на потребите на актуелниот културен хронотоп, со настојување да се истисне можноста од изразито субјективни критички осврнувања. Потрагата со дејствувачката естетика со Рациновиот инструментариум се потврдува како влог во идејата за издржана, аналитична, а во извесна мера и мултидисциплинарна критичарска практика во коментирањето на особеностите и вредностите на книжевното (или публицистичкото) дело.

Ваквиот пристап-влог, најсоодветно се согледува во некои од текстовите во коишто тој и полемизира со своите современици – автори и критичари, што може да се увиди и во неговиот критичко-есеистички текст „Реализмот на Анѓелко Крстиќ“, пронајден во неговата оставнина. Во него тој грчевито цели кон книжевна аргументација, задржувајќи се на стилско-формациски начела, наратолошки аспекти и воопшто поетички особености, демонстрирајќи критички микропрочит со остварување на задачата на книжевната критика да го секцира книжевниот текст и аргументирано да ги издвои неговите книжевни вредности и слабости, притоа анализирајќи го и во контекстот на опусот на неговиот автор и во контекстот на севкупната книжевна стварност. Таквиот прочит, во конкретниов текст се согледува и преку адресирањето на конкретни пропусти во романот „Трајан“, коешто Рацин го аргументира со конкретни барања од книжевниот текст, при што го отвора и прашањето дали Ангелко Крстиќ е вистински книжевен реалист.

Но, токму на недогматското третирање на *дејствувачката естетика* се темели Рациновото полемизирање со ставовите за конкретни дела искажани од негови современици, коешто сведочи и за поставувањето на темелите на современата книжевна полемика во нашата книжевна традиција, иако при исчитувањето на Рациновиот опус, не може да се говори за полемика како одделен жанр, туку за критичко-есеистичко остварување коешто е резултат на потребата да се искаже своето мислечко – книжевно и културолошко, но и филозофско, визионерско Јас за книжевноста. Притоа, иако на Рацин не му е туѓа марксистичката определба дека книжевноста е субјективен одраз на објективната стварност, што е согледливо и во текстот „Теорија на одразот и уметничката литература“, сепак, својот критички, естетски суд не го задржува ограничен во нејзината идејно-филозофска шема. Конкретна потврда за тоа се текстовите: „Анѓелко Крстиќ пред судот на Пламенац“, „Уметноста на работничката класа“ и „Блазирани глупости за насмевката на Мона Лиза“.

Отворено и жестоко полемизирајќи со Пламенац во врска со неговите ставови и оцени за творештвото на Крстиќ, нарекувајќи ги „безапелациони критичарски осуди“ што наводно се објавуваат во името на „најпрогресивната идеологија“, Рацин го демаскира и го жигосува вулгарно-социолошкиот метод „на разбирање и оцена на едно уметничко дело“, и укажува на „апсурдот до кој се доаѓа со примената на методот на вулгарната социологија во уметноста“, за на крајот, категорично и недвосмислено да

констатира: „Гледајќи во уметничкото дело на еден писател само реализирани идеи на едно време, критичарите, биле тие ’одлево’ или тие ’оддесно’, секојпат кон тоа дело се однесувале потврдно или одречно, според тоа која идеја во делото им се допаѓа, пренебрегнувајќи ја на тој начин објективната вистина што се наоѓа во него. Ако на пр. Фртуниќ го глорификуваше Крстиќевиот ’Трајан’ како манифестација на националната идеја, гледајќи во него еден свет од идеи блиски до критичарот, нашиот Пламенац поради тие идеи го негира Анѓелко Крстиќ“ (1987 (1): 154).

Иако, најверојатно заради ограниченоста на просторот за објава, но и заради тоа што некои се останати во ракопис, во некои од критичките текстови на Рацин (меѓу коишто е и првиот ваков објавен текст на Рацин) се забележува отсуството на поопстојна аргументација на изнесената оцена или констатација, но од друга страна изнесени се смели, проникливи и издржани оцени и видувања коишто упатуваат кон заклучок дека и надвор од приказот зад нив стои Рациново студиозно и аналитичко исчитување на книжевниот текст и тоа во тогашниот југословенски книжевен контекст.

Но, неслучајно, во овие текстови, Рацин го употребува и терминот *објективна вистина* како книжевна категорија. Од една страна тој најверојатно реферира на маристистичкото стојалиште дека писателот е должен стварноста да ја прикажува објективно во книжевниот текст. Впрочем, затоа и вели дека единствено правилна теорија на уметноста е онаа што ја сфаќа уметноста „не како симболично дочарување на вистината на стварноста, туку како специфичен, уметнички одраз на објективната реалност и која во секоја вистинска уметност го открива нејзиниот длабок спознајно-културен елемент“ (Рацин 1987 (9): 166). Но од друга страна, станува збор и за „објективна вистина“ за ететското и поетичко – уметничко и интерпретативно рамниште на книжевниот текст. За Рацин, објективната вистина, едновремено е и естетска и книжевно-етичка категорија.

Во контекстот на Рациновата објективна вистина, како книжевно-историски одглас што отвора и други можности и прашања за анализа на Рациновиот критичарски дискурс, мошне важен е Рациновиот став дека писателот, за односите, за животот, за општеството и за самиот човек воопшто, ни ја зборува вистината на еден специјален, уметнички начин. Иако не дава некаква дефиниција што сè теориски иманентно припаѓа на одредбата *специјален, уметнички начин*, можеме да согледаме дека едновремено алудира на сето она што го формулира идентитетот / поетиката на книжевниот текст, а со тоа и на книжевната постапка и стилот на авторот.

Со ваквата перцепција за специјален уметнички начин, сепак, и покрај приврзаноста за одредбата дека книжевноста е субјективен одраз на објективната стварност, Рацин демонстрира критичарски изградена свесност за естетската функција и димензија на книжевното дело, којашто не овозможува тоа да се перципира поедноставно како инструмент на стварноста.

Впрочем, и во негативната критика за брошурата „Уметноста и работничката класа“, Рацин задира и во некои постојано отворени прашања за книжевноста и воопшто за перципирањето на уметноста. Но, во исто време, во однос со категоријата *објективна вистина* ја надоврзува и категоријата *вистинска уметност* за којашто и денес, особено по веќе завршениот подем на постмодернизмот сè уште се полемизира

– дали е објективна или субјективна категорија и дали е воопшто категорија на којашто може да се повикува критичкото / оценувачко осврнување за книжевните / уметничките остварувања.

Клучно, во споредба со низа свои современици, Рацин не мисли дека вистинската уметност треба да му е туѓа на работникот и новото време. Заради тоа, тој и грчевито ги оспорува заклучокот и главна теза во оваа брошура од Живоин Цветковиќ: „..работниците во современи услови на живот не може да се издигнат до ’разбирањето на правата и вистинската уметност’, па затоа во културно-просветните организации требало да бидат воспитувани во духот на ’класната пролетерска идеологија, култура и уметност’. Но, всушност, неразбирање и неспособност за сфаќање на вистинската уметност има единствено кај вакви квази-идеолози на работничката класа, коишто со своите непролетерски теории ја заглупуваат нејзината свест“ (1987 (9): 166). За Рацин, којшто се надоврзува на претходното Лениново поимање, новото во книжевноста не треба да е дискунтинуитет на тогаш веќе канонизираните книжевни вредности во којшто ќе се препознава нова левичарска естетика, туку треба да е континуитет на веќе создадената вредна *вистинска уметност*, што задира и во концептот на книжевната и културна традиција.

Рациновите размисли за несоодветниот пропагиран однос кон реципиентот и за залагањето за програмска книжевност со поетика на работничката средина (жртвување на книжевноста за некнижевни цели), а коишто базираат на убеденоста во дејствувачката естетика и објективната вистина, на пр. засведочени се и во текстот „Блазирани глупости за насмевката на Мона Лиза“. „Зарем ова не личи на оваа култура што треба да се роди – ‘незнајно од каде’? Зарем ова не личи на оние стари, одамна, одамна погребани идеи на пролеткултот, што поникнаа од редовите на руските махисти и ревизионисти?“ 1987 (2): 160) – дециден е Рацин, на едно друго критичко и мислечко рамниште реферирајќи на неговото поимање на објективната вистина.

Во ваквите гледишта и во ваквиот пристап, илустративно прикажани преку некои од Рациновите критичко-есеистички текстови го препознаваме Рациновото настојување да се оствари влог во натамошното димензионирање на книжевната стварност, со *потрага и настојување на дејствувачка естетика* и *објективна вистина* во / за книжевното дело. Врвот на овој влог е есејот / статијата „Развитокот и значењето на една нова наша книжевност“, со „естетски и книжевноисториски атрибути на литературен манифест“ (Друговац 1990: 183) во којшто како што истакнува Друговац, чувствувајќи ја хегемонијата на останатите, модернистички и ултрамодерни манифести на својата литературна епоха, „Рацин се определил за една наполно своја и специфично македонска естетска програма“ (1990: 184) – текст со којшто „сигурно се удираат темелите на македонската современа книжевно-критичка мисла“ (Мојсова-Чепишевска 2021: 175).

## 3. ЗАКЛУЧОК

Во Рациновите критичко-есеистички текстови препознаваме целосна поетичка, книжевна платформа, во којашто има визија за книжевната стварност и книжевниот развој, втемеелена на Рациновото поимање на *дејствувачката естетика* и *објективната вистина*. Но ако имаме предвид и други текстови од неговата публицистичка и есеистичка актива, како на пр. „За поправилно сфаќање на нашето минато" и „Македонската народна песна", од кој за жал е сочувана само одломка, препознаваме и зародиш на платформа воопшто на културниот развој во национални рамки.

„*На идните испитувачи веројатно им остануваат малку можности да откријат нешто суштествено ново за неговата трагично прекината повест* и за неговиот лик на творец којшто претставува почетно поглавје во развитокот на современата македонска национална култура. Но тоа *не значи дека темата Рацин не може да биде предмет на нови преокупации.*" – (1987: 110, означеното е мое) – ќе истакне Димитар Митрев во 1968 година. Но, повеќе од половина век потоа, осврнувањето на критичко-есеистичките текстови на Рацин низ призмата на *дејствувачката естетика* и *објективната вистина* укажува дека сепак, за тогаш идните, а сега актуелни испишувачи сепак останува една голема, клучна, не само можност, туку и обврска да се (до)открие нешто суштествено ново за/од опусот на Рацин. Не ново затоа што претходно не било достапно како материјал, туку ново од аспект на можностите за анализа, заклучоци и согледби кои досега не биле опфатени од нашата книжевна наука, а кои разоткриваат една суштинска димензија на Рациновата творечка личност.

Се чини сето ова се тези коишто зад себе отвораат и дополнителни прашања, на кои упатуваме и во веќе кажаното. Покрај нив, би издвоиле уште неколку, на кои се обврзуваме и за натамошно осврнување:

- Колку критичко-есеистичките Рацинови текстови ги остваруваат можностите на есејот како жанр и на кој тип есеј припаѓаат според постојните класификации?
- Колку ставовите во текстовите се аргументирани – релација: *субјективизам – објективизам*?
- Компаративно согледување: ставовите на Рацин наспроти ставовите на/во другите книжевни критики од тој период?
- Колку ставовите на Рацин се идеолошки (не)обоени?
- Какво е значењето на особеностите на Рациновата критика за хронотопот на нејзиното настанување – културолошко и книжевно значење?

Ако се земе предвид и публицистиката на Рацин, бројноста на прашањата ќе биде значајно поголема, при што меѓу нив ќе биде и прашањето на релацијата на Рацин со родовите студии и „женското прашање", на кое досега е посветена само една студија (Koteska 2006).

Но кон сите веќе посочени прашања, не може да не се надоврзе уште едно прашање-дилема. Самиот факт што станува збор за книжевна критика којашто и покрај

нејзината важност во нашиот книжевен констекст, сепак е скромна по обем, при што некои од текстовите се дел од оставината на Рацин без објава во моментот на нивното создавање, упатува кон констатација дека сепак не може да се перципира како пројава којашто сама по себе, во тој формат можела да изврши сеопфатно влијание на димензионирањето на книжевната стварност. Но, како би бил димензиониран повоениот развој на македонската книжевност, ако Рациновиот живот не завршеше во јуни 1943 година и ако Рациновата критичарска актива, а со тоа и рациновски сфатените *дејствувачка естетика* и *објективна вистина* беа конститутивен елемент на македонската книжевна стварност по ослободувањето?

## БИБЛИОГРАФИЈА


Друговац, Миодраг. 1987. „Појава на македонската критика“. *Македонската литературна наука за Рацин*. Скопје: Наша книга, 40-49.

Друговац, Миодраг. 1990. *Историја на македонската книжевност: XX век.* Скопје: Мисла.

Конески, Блаже. 1987. „Богомилите од Коста Рацин“. *РАЦИН. Прилози I.* Скопје: Наша книга, 95–99.

Koteska, Jasna. 2006. „Kočo Racin“. *A Biographical Dictionary of Women's Movements and feminisms, 19th and 20th Centuries*. Budapest and New York: CEU Press

Митрев, Димитар. 1987. „Рацин во развојот на македонската национална култура“. *РАЦИН.* Скопје: Наша книга, 110-117.

Мојсова-Чепишевска, Весна. 2021. „Рациновите есеи – судбоносна фаза во националното созревање“. *Конески како тестамент*. Скопје: Матица македонска, 165-176.

Николовска, Кристина. 2019. „Книжевна беседа во чест на 80 години од Рациновите „Бели мугри“. *Нетпрес.* Електронски извор: https://netpress.com.mk/knizhevna-beseda-vo-chest-na-80-godini-od-racinovite-beli-mugri/ [Пристапено на: 2.3.2023]

Рацин, Коста. 1987 (1). „Анѓелко Крстиќ пред судот на Ж. Пламенац“. *Проза и публицистика.* Скопје: Наша книга, 154.

Рацин, Коста. 1987 (2). „Блазирани глупости за насмевката на Мона Лиза“. *Проза и публицистика.* Скопје: Наша книга, 159-160.

Рацин, Коста. 1987 (3). „За поправилно сфаќање на нашето минато“. *Проза и публицистика.* Скопје: Наша книга, 102-103.

Рацин, Коста. 1987 (4). „Развитокот и значењето на една нова наша книжевност“. *Проза и публицистика.* Скопје: Наша книга, 167-169.

Рацин, Коста. 1987 (5). „Реализмот на Анѓелко Крстиќ“. *Проза и публицистика.* Скопје: Наша книга, 155-158.

Рацин, Коста. 1987 (6). „С. Галогажа: „Новеле“, II издање – Загреб, 1931“. *Проза и публицистика.* Скопје: Наша книга, 80.

Рацин, Коста. 1987 (7). „С. М. Штедимлија: Скидање маске, Загреб, 1931“. *Проза и публицистика.* Скопје: Наша книга, 89-90.

Рацин, Коста. 1987 (8). „Теорија на одразот и уметничката литература“. *Проза и публицистика.* Скопје: Наша книга, 161-165.

Рацин, Коста. 1987 (9). „Уметноста и работничката класа“. *Проза и публицистика.* Скопје: Наша книга, 166.

Сталев, Георги. 2003. *Историја на македонската книжевност: од 1800 – 1945. II дел. Првата половина на XX век*. Скопје: Институт за македонска литература.

Старделов, Георги. 1981. *Меѓу литературата и животот*. Скопје: Култура.